МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Број 20
август 2015 година

# ФОРМИРАН НОВ ЛОКАЛНО ЕКОНОМСКО- СОЦИЈАЛЕН СОВЕТИ (ЛЕСС) ВО ОПШТНА СВЕТИ НИКОЛЕ

**27.8.2015**

Иницијативата на Сојузот на Синдикатите на Македонија водената по повод Првомајската кампања во 2013 година, а која се однесуваше на потребата од формирање на Локално- економски социјални совети (ЛЕСС) се повеќе и повеќе се етаблира во Р. Македонија поттикната во конкретниот случај во рамките на Проектот за унапредување на социјалниот дијалог, финансиран од Европската Унија, со реализација на социјалните партнери и Меѓународната Организација на трудот (МОТ).



Слика 1. Формирање на ЛЕСС Свети Николе

По тој повод, во општина Свети Николе беше потпишана Спогодба за формирање на ЛЕСС од страна на социјалните партнери и градоначалникот на општина Свети Николе, Зоран Тасев. Потписници на спогодбата се градоначалникот на Општина Свети Николе се: г. Зоран Тасев, претседателот на Сојузот на синдикати на Македонија, г. Живко Митревски, претседателот на Организацијата на работодавачи на Македонија, г. Ангел Димитров и в.д. претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Благоја Ралповски.

Спогодбата претставува основа за институционален развој на социјалниот дијалог помеѓу социјалните партнери и усогласување на нивните различни ставови и интереси на локално ниво, како и помеѓу јавниот и приватниот сектор, особено меѓу системот за образование и за поддршка при вработување од една страна и работодавачите од друга страна; воспоставување и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните субјекти и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем; вклучување на младите во регионалниот дијалог преку нивно учество во ЛЕСС; размена на мислења и информации; покренување на заеднички иницијативи; учество во креирање на законски решенија кои влијаат на материјална и социјалната положба на вработените, невработените, стечајните работници и работници технолошки вишок, пензионерите, младите, жените и др.; развивање на колективното договарање, преговарање и склучување на ниво на претпријатијата и установите; следење на состојбата со вработеноста и предлагање на мерки за поттикнување на вработувањето и усогласување на образовниот процес со потребите на пазарот на труд и сл.

# ПРОДОЛЖУВА ФОРМИРАЊЕТО НА ЛОКАЛНИ ЕКОНОМСКО- СОЦИЈАЛНИ СОВЕТИ (ЛЕСС) ФОРМИРАН ЛЕСС ВЕЛЕС

**26.8.2015**



Слика 1. Потпишување на Спогодбата за формирање на ЛЕСС Велес

Во рамките на Проектот за унапредување на социјалниот дијалог, финансиран од Европската Унија, со реализација на Меѓународната Организација на трудот (МОТ), на 26.8.2015, во Велес беше потпишана Спогодба за формирање на ЛЕСС од страна на социјалните партнери и градоначалникот на Општина Велес.

Потписници на спогодбата се градоначалникот на Општина Велес, г. Славчо Чадиев, претседателот на Сојузот на синдикати на Македонија, г. Живко Митревски, претседателот на Организацијата на работодавачи на Македонија, г. Ангел Димитров, в.д. претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Благоја Ралповски и претседателот на Бизнис конфедерацијата на Македонија, г. Миле Бошков.

Спогодбата претставува основа за институционален развој на социјалниот дијалог помеѓу социјалните партнери и усогласување на нивните различни ставови и интереси на локално ниво, како и помеѓу јавниот и приватниот сектор, особено меѓу системот за образование и за поддршка при вработување од една страна и работодавачите од друга страна; воспоставување и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните субјекти и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем; вклучување на младите во регионалниот дијалог преку нивно учество во ЛЕСС; размена на мислења и информации; покренување на заеднички иницијативи; учество во креирање на законски решенија кои влијаат на материјална и социјалната положба на вработените, невработените, стечајните работници и работници технолошки вишок, пензионерите, младите, жените и др.; развивање на колективното договарање, преговарање и склучување на ниво на претпријатијата и установите; следење на состојбата со вработеноста и предлагање на мерки за поттикнување на вработувањето и усогласување на образовниот процес со потребите на пазарот на труд и сл.

Во ЛЕСС Велес ќе партиципираат и претставници од Центарот за вработување на Општина Велес, средните училишта во Општина Велес, Технолошко- техничкиот факултет од Велес, Регионалната занаетчиска комора, Регионалната стопанска комора – Велес, Советот на млади на Општина Велес, како и од невладините организации и здруженија на граѓани, а покрај останатото, ЛЕСС Велес ќе помогне во подигнување на еколошката свест на територија на Општина Велес.

# РАБОТНА ПОСЕТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ССМ И СИНДИКАТОТ ЗА ШУМАРСТВО ВО СИНДИКАЛНАТА ПОДРУЖНИЦА ПРИ ЛЕШНИЦА ТЕТОВО

**20.8.2015**

Спроведувањето на колективниот договор, непосредниот увид, безбедност и здравје на вработените, беа централната тема на работната посета на претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) и Синдикатот на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетика на РМ (СШДЕ), д-р Живко Митревски и на претставникот на менаџментот на ЈП Македонски Шуми, Маријан Стојановски, во подружницата при Лешница- Тетово.

Покрај останатото во рамките на работната посета беше извршен и непосреден увид на теренот во Љуботен и сечиштата околу Љуботен, со цел претседателот, д-р Митревски и претставникот од менаџментот на ЈП Македонски Шуми, непосредно да се запознаат со примената на К.Д. и условите за безбедност и здравје при работа.

Од страна на претседателот на подружницата при Лешница- Тетово, Роберт Златевски и членовите на извршниот одбор на оваа С.О., кои воедно имаат и прием на 33 нови членови во Синдикатот на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетика на РМ (СШДЕ), беше укажано за активностите кој се вршат во самата подружница, како и на недостатоците со кој се соочуваат вработените на терен.

Оваа работна посета е во рамките на работни посети на претседателот на ССМ и СШДЕ, д-р Живко Митревски, со цел да се изврши подобар увид на терен, со што подобро би се запознал со повеќе прашања од работата и спроведувањето на К.Д.

# ПИСМО УПАТЕНО ОД РСС „СОЛИДАРНОСТ“ ДО САМИТОТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

**27.8.2015**

Регионалниот Синдикален Совет „Солидарност“ по повод Самитот за Западен Балкан, кој се одржува во Виена на 27.8.2015 година, на кој учествуваат лидери од регионот и ЕУ и каде основна тема е да се поттикне европскиот пат на регионот и да се обиде да се најде решение за проблемот со мигрантите, упатува апел до Комесарот на Европа, Јоханес Хан.

Регионалниот Синдикален Совет „Солидарност“ е организација која ја сочинуваат синдикални централи од регионот на поранешна Р. Југославија и тоа: Сојузот на самостојни синдикати на Босна и Херцеговина, Сојузот на синдикати на Црна Гора, Унијата на слободни синдикати на Црна Гора, Сојузот на самостојни синдикати на Хрватските, Сојузот на синдикатите на Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Сојуз на самостојни синдикати на Словенија и Унијата на независни синдикати на Србија- Независност.

Регионалниот совет претставува слободна форма на соработка која овозможува комуникација помеѓу синдикатите, врз основа на нивната независност и еднаквост, за различни проблеми во сферата на синдикатот и размена на искуства и добри практики во нивно решавање. Претседавањето со Регионален совет секоја година е различно, во зависност од седиштето на синдикатот.

Оваа година претседавањето е доделено на синдикатите од Р. Македонија, а за претседавач е избран д-р Живко Митревски, претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија.

Во продолжение Ви го пренесуваме во целост апел писмото од РСС „Солидарност“ упатено до Комесарот на Европа, Јоханес Хан:

Почитуван господин Комесар,

Во пресрет на Конференцијата за Западен Балкан која се одржува оваа недела во Австрија, дозволете ми да Ви се обратам од името на членовите на Регионалниот Синдикален Совет (РСС) „Солидарност“:

Имајќи ги во предвид далекусежните последици од мигрантската и бегалската криза, а особено од социо- економски аспект, ја изразуваме својата загриженост за начинот на нејзино решавање од страна на меѓународната заедница. Во интерес на почитување на Европската Повелба за човекови права, солидарност и хуманост, цениме дека членките на Европската Унија треба поинтензивно да ги искажат овие вредности и финансиски и оперативно да помогнат на земјите кои се соочуваат со огромниот број на мигранти бегалци, особено Р. Македонија и Р. Србија кои не можат самостојно да се справат со оваа криза. Исто така очекуваме Европската Унија поактивно да се вклучи во решавањето на проблемите поврзани со невработеноста, особено невработеноста кај младите луѓе, разрешување на економската криза и унапредување на социјалниот дијалог.

Почитуван г. Комесар,

РСС Солидарност ја поздравува оваа конференција и синдикатите, членки на „Солидарност“, упатувајќи го овој апел, ја изразуваат својата подготвеност и искуство да се вклучат во справувањето со кризата и искрено се надеваат дека оваа конференција ќе претставува еден вид придонес за справување со истата и ќе овозможи понатамошен прием на земјите кои не се членки на ЕУ.

Солидарен поздрав,<br>
Претседавач на РСС “Солидарност“<br>
д-р Живко Митревски

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДУКАТИВНИОТ КОНЦЕПТ - ОБУКА НА СИНДИКАЛНИ ЛИДЕРИ ЗА ПОДОБРА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА К.Д ВО ШУМАРСТВОТО-

**19.8.2015**

Синдикатот на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетика на РМ (СШДЕ), во рамките на спроведувањето на програмата за обука на Синдикални лидери, во соработка со BWI, на 19.8.2015 г., одржа заеднички состанок со менаџментот на ЈП Македонски Шуми, на кој присуствуваа и претседателот на СШДЕ, д-р Живко Митревски, како и генералниот директор на ЈП Македонски Шуми, г-дин Жарко Караџовски.

Централно место на состанокот имаше еваулацијата на спроведувањето на К.Д за работниците од шумарството, како и спроведувањето на потпишаната спогодба меѓу СШДЕ и ЈП Македонски Шуми, потпишана на ден 08.04.2015, која се однесуваше за реализација на повеќе прашања од К.Д поврзани со исплатата на повеќе надоместоци и додатоци.

Од стана на претседателот на СШДЕ, д-р Живко Митревски и генералниот директор на ЈП Македонски Шуми, г-дин Жарко Караџовски, беше укажано на потребата на синдикалните лидери, уште еднаш активно да се вклучат во спроведувањето на К.Д и потпишаната спогодба, да го подобрат начинот на информирање и консултирање со членството на СШДЕ, како би можеле заеднички и синдикатот и менаџментот на ЈП Македонски Шуми да ги реализираат меѓусебните права и обврски.

Сојуз на синдикатите на Македонија<br>
ул. „12-та МакедонскаУдарна Бригада“ бр. 2-А, 1000 Скопје<br>
контакт тел/факс +389 2 3161374<br>
е-маил: info@ssm.org.mk<br>
web: www.ssm.org.mk